Уп. Бр.08-143/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Флуттер Ентертејнмент Холдингс Ајрленд Лимитед (Flutter Entertainment Holdings Ireland Limited), со регистрирано седиште на Белфилд Офис Парк, Биич Хил Роуд, Клонскиг, Даблин 4, Даблин D04 V972, Ирска, преку Љупка Новеска Андонова адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 24.10.2023 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која Флуттер Ентертејнмент Холдингс Ајрленд Лимитед (Flutter Entertainment Holdings Ireland Limited), со регистрирано седиште на Белфилд Офис Парк, Биич Хил Роуд, Клонскиг, Даблин 4, Даблин D04 V972, Ирска, стекнува самостојна контрола над Макс Бет д.о.о. Нови Сад (Max Bet d.o.o. Novi Sad), со регистрирано седиште на Кисачка 82, Нови Сад, Србија, по пат на купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на ден 28.09.2023 година, а дополнето на 29.09.2023 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Флуттер Ентертејнмент Холдингс Ајрленд Лимитед (Flutter Entertainment Holdings Ireland Limited), со регистрирано седиште на Белфилд Офис Парк, Биич Хил Роуд, Клонскиг, Даблин 4, Даблин D04 V972, Ирскасо која Флуттер Ентертејнмент Холдингс Ајрленд Лимитед стекнува самостојна контрола над Макс Бет д.о.о. Нови Сад (Max Bet d.o.o. Novi Sad), со регистрирано седиште на Кисачка 82, Нови Сад, Србија, по пат на купопродажба на удели

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

## Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

**Флуттер Ентертејнмент Холдингс Ајрленд Лимитед** припаѓа на Флуттер групацијата на друштва („Флуттер Групацијата").

Флуттер Групацијата е група на друштва кои се активни на глобално ниво во секторот на спортско обложување и организирање на игри (гејминг активности). Флуттер Групацијата има четири оддели:

- Обединето Кралство & Ирска, фокусиран на спортско обложување и брендови за играње во Обединетото Кралство („ОК") и Ирска кое претежно работи онлајн (но и преку обложувалници во ОК и Ирска);
- Австралија, кој се состои од онлајн бренд на спортско обложување Спортсбет (Sportsbet), корпоративен букмејкер во Австралија;
- САД, кој се состои од ФанДуел (FanDuel), ТВГ (TVG) и ПокерСтарс (PokerStars). Одделот поседува разновидна понуда на производи на онлајн и малопродажни билтени за спортско обложување, онлајн игри, покер, напредно обложување на депозит во коњски трки и ТВ емитување;
- Меѓународен, кој управува со брендовите ПокерСтарс (PokerStars), ПокерСтарс Казино (PokerStars Casino), ПокерСтарс Спортс (PokerStars Sports), Бетфеер Интернешнл (Betfair International), Сисал (Sisal), Адџарабет (Adjarabet) и Џангл Гејмс (Junglee Games); при што Флуттер Групацијата работи со лиценци во околу 22 држави низ светот.

Флуттер Групацијата има регистрирано зависно друштво во Северна Македонија – Друштво за компјутерско програмирање СИНГУЛАР ГРОУП ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Франц Месеснел бр 2 Скопје- Карпош, Северна Македонија и регистрирана приоритетна дејност – компутерско програмирање.

**Макс Бет д.о.о. Нови** Сад е активно како приредувач на игри на среќа. Макс Бет д.о.о. Нови Сад е активно само во малопродажното обложување во Северна Македонија. Макс Бет д.о.о. Нови Сад има едно регистрирано зависно друштво во Северна Македонија – Друштво за приредување на игри на среќа МАКС БЕТ ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на Скупи бр. 1 Г-1 /д.п.1 Скопје-Карпош и регистрирана приоритетна дејност – дејности на коцкање и обложување.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата  вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за*

*заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**